**20202984051**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 28 став (8) и член 58 став (1) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 декември 2020 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕВЕНТИВНИ ПРЕПОРАКИ, ВРЕМЕНИ МЕРКИ, НАРЕДЕНИ МЕРКИ, НАМЕНСКИ ПРОТОКОЛИ, ПЛАНОВИ И АЛГОРИТМИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНАТА БОЛЕСТ COVID-19 ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ SARS-COV-2, СЛУЧАИТЕ И ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД НА НИВНА ПРИМЕНА

Член 1

Во Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20, 269/20, 275/20, 287/20 и 292/20), во член 3 во точката 16., зборовите „по 21.00 часот“ се заменуваат со зборовите „по 18.00 часот“.

По точката 16. се додаваат три нови точки 17., 18. и 19., кои гласат:

„17. Избегнување на учество на граѓанините во верски обреди организирани од страна на верските заедници или религиозни групи, особено во периодот од 18 декември 2020 година до 21 јануари 2021 година, со цел спроведување на времените мерки и наредените мерки од оваа одлука, особено мерката од член 12 на оваа одлука.

18. Избегнување и воздржување од организирање на верски обреди или други видови изразувања на верата од страна на верските заедници или религиозни групи, особено во периодот од 18 декември 2020 година до 21 јануари 2021 година, со цел спроведување на времените мерки и наредените мерки од оваа одлука, особено мерката од член 12 на оваа одлука.

19. Избегнување на организација и учество на граѓаните на прослави по повод претстојните новогодишни и верски празници во викенд куќи, во туристички места/центри, особено во периодот од 18 декември 2020 година до 21 јануари 2021 година.“.

Член 2

Во член 13 во точката 11., зборовите „по 21.00 часот“ се заменуваат со зборовите „по 18.00 часот“.

По точката 11., се додава нова точка 12. која гласи:

„12. Се забранува организација и одржување на прослави на јавни места и површини по повод претстојните новогодишни и верски празници, како и организација и одржување на каков било друг тип на прослави на отворен и затворен простор од страна на физички и правни лица, особено во периодот од 18 декември 2020 година до 21 јануари 2021 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-8118/6 | Претседател на Владата |
| 15 декември 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |